Централната глава во публикацијава, секако, е посветена на главниот настан, андартскиот грчки злочин во село Загоричани во 1905 год. Врз основа на архивски материјали од прва рака, во книгава е направен обид да се докаже дека загоричанскиот колеж од март/април 1905 год. бил долго време подготвуван од андартите, со цел да го казнат и ликвидираат едно од најголемите и најреволуционерните костурски села, кое речиси масовно ја напуштило Патријаршијата.

Вториот поголем дел од публикацијава го сочинуваат прилози на одделни документи, делумно публикувани, а повеќето за прв пат презентирани пред научната јавност. Во првиот случај станува збор за поголем број изворни материјали од кои добар дел се публикувани, а во вториот случај тоа се најнови документи поврзани со андартското движење и со загоричанската крвава драма од 1905 год. од руска провиниенција.

Голем простор зафаќаат грчките документи во непосредна врска со загоричанскиот настан и воопшто со андартското движење, а уште повеќе со бројните андартски злодела. Така, се презентираат автентичните документи досега необјавени, напишани на грчки јазик, а пронајдени во Архивот за надворешна политика на Русија при Министерството за надворешни работи во Москва.

Значењето на истражувањето на д-р Александар Трајановски и објавувањето на вистината за загоричанската трагедија се состои во потребата да се сознае и да се задржи во сознанието онаа фактографија која најдобро говори и илустрира за каква политика станува збор кога се поставува прашањето за суштината, за смислата и вредноста на грчката политика и на грчкото дело кон соседните народи. Загоричанските настани, иако се екстремен израз на односната политика, за жал, се чини, се и средишен израз на грчката политика кон Македонците.

Славе НИКОЛОВСКИ-КАТИН

## ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И МАКЕДОНИЈА 1944-1945
**- документи -**

(Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, Институт за национална историја, Скопје 1995 година)

Зборникот документи "Велика Британија и Македонија 1944-1945" од д-р Тодор Чепреганов, претставува уште едно издание кое има свое значење во македонската историографија и придонесува за нејзиниот натамошен развиток.

Самиот наслов на ова издание укажува на неговата содржина, т.е. дека тоа опфаќа британски документи кои третираат прашања што се однесуват на Македонија за конкретниот период од 18 август 1944 до 8 мај 1945 година.

Презентираните документи се селектирани од големит фонд на Public Record Office, односно користени се фондовите на Министерството за надворешни работи (Foreign Ofice) на Велика Британија, од кои дел се депонирани во Архивот на Македонија. Изборот на авторот не е случаен. Овие за првпат објавени, 84 автентични британски документи, запазуваат хронолошки континуитет од десет месеци, време во кое младата македонска држава ја добива својата конкретна физиономија во рамките на југословенската федерација.

Зборникот опфаќа вкупно 214 страници заедно со предговорот, а на крајот се наоѓаат регистри на лични имиња и на географски поими. Од документите најбројни се телеграмите, но објавени се и неколку меморандуми, писма, извештаи. Сите тие сведочат за ставот на Велика Британија спрема македонското прашање, т.е. за актуелните идеи во тој временски период за обединување на Македонија во самостојна држава или во рамките на Јужнословенска, односно Балканска федерација.

Треба да се истакне дека интересот на британската политика спрема Македонија се појавил дури кон крајот на 1943 година како резултат на успесите на македонските партизани и одржувањето на Второто заседаие на АВНОЈ, кога Македонија стана рамноправна единица во Југословенската федерација. Во нова федерална Македонија, Велика Британија гледала опасност од ревитализација на идејата за Голема Македонија која би ги загрозила позициите на Грција, британскиот штитеник на Балканот. Затоа таа го употребила својот политички и дипломатски апарат, настојувајќи да се зачуваат границите на Балканот од 1941 година, а што се однесува до македонското прашање, можела да се согласи единствено со автономија на вардарскиот дел на Македонија во југословенската федерација.

Во предоговрот на зборникот, авторот Тодор Чепреганов дава кратко објаснување за структурата и начинот на работата на британските владини известителни институции, со цел подобро и поцелосно да се разбере печатениот документарен материјал.

Телеграмите се најбројни документи кои ги испраќале политичкиот претставник на Велика Британија во Бугарија; шефот на британската воена мисија во Југославија; Министерството и министерот за надворешни работи на Велика Британија (Foreign Office); британскиот дипломатски претставник во Бари; Министерот резидент на Централен Медитеран во Казерта; Конзулот на В. Британија во Солун, и други

личности и институции. Во нив јасно се забележува жив интерес на британската политика за сè што се случувало на Балканот.

Затоа и не е необично што во телеграмите има такви податоци кои се однесуваат на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, како и на Манифестот и Президиумот на АСНОМ, успесите на партизанското движење во Македонија; статии од весници кои говорат за македонското прашање; натаму, за преговорите меѓу Тито и владата на Отечественофорнтовска Бугарија за Македонија; протестите на Димитар Влахов против изјавата на грчкиот премиер; изјавата на Темпо во српското антифашистичко собрание; за одржувањето на Второто заседание на АСНОМ и друго.

Покрај телеграмите, во зборникот се застапени и меморандуми. Тоа се интересни документи со кои се претставува одредена личност, настан, земја и слично, и врз основа на тоа се донесува заклучок или се зазема одреден став за наведената личност, настан и сл. Првиот меморандум во ова издание говори за Македонија. Тој опфаќа краток историјат на земјата, нејзината географска местоположба, структура на населението, економско-социјалните фактори како и можните солуции за решавање на македонското прашање. Другиот меморандум се однесува на Димитар Влахов, на неговиот живот и особено политичката активност. Прв народен пратеник од Македнија во Младотурскиот парламент; активноста во народната федеративна партија на Македонија, во ВМРО (Об.) па сè до неговото трансформирање во врвен југослвоенски политичар. Трет и последен е меморандумот за македонскиот проблем и идејата за обединување меѓу Југославија и Бугарија, разгледувани од британски аспсект.

И писмата се значајни документи од кои се добиваат интересни податоци. Објавените писма во овој зборник претставуват преписка меѓу министерот за надворешни работи на В. Британија, британскиот амбасадор во Југославија и СССР, советскиот комесар за надворешни работи, амбасадата на Грција во В. Британија. Во нив се среќаваат податоци за движењето за автономија во делот на Македонија под Грција, за негодувањето на В. Британија спрема југословенско-бугарските преговори за заедничка федерација како и за ситуацијата во Македонија по ослободувањето.

Овој зборник на документи е уште едно интересно издание на Институтот за национална историја. Граѓата што ја содржи, за прв пат излегува во македонската јавност и претставува изворен материјал кој дава можност за нови истражувања. Затоа може да заклучиме дека како ново, значајно издание во македонската научна литература, збонрикот ќе даде поттик за нови историски сознанија.

Катерина САРОВА